Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 13.11.2015 година ја донесе следната:

**Програма**

за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2016 година

Во текот на 2016 година предвидени се одредени активности од областа на економкиот развој во повеќе области во општината како што се:

- ✓ Поттикнување на граѓаните со определени обуки за планирање на своето производство преку современи мерки на стопанисување;
- ✓ Изработка на свои проекти за заштита на животната средина и конкурирање во сите невладини организации кои објавуваат потреба од вакви проекти;
- ✓ Учество во заеднички проекти во југоисточниот регион на десетте општини од областа за расчистување на цврстиот отпад и друг отпад како и други (заеднички) проекти;
- ✓ Учество во заеднички проекти во ИПА фондовите кои ќе почнат да се спроведуваат во 2016 година особено за прекуграничната соработка со општини од соседна Бугарија и други соседни држави;
- ✓ Покривање на трошоците за извршените услуги во областа на надзорот .

член 1

За потребата од реализација на оваа програма како приходи ќе ги користеме средствата од основниот буџет од: 3.650.000 денари

член 2

G1. Подршка на локалниот економски развој

Во оваа програма ќе предвидиме средства за следните активности:

- ✓ Трошоци за комунални услуги во висина од.................................................50.000 ден.
- ✓ Сресва за набавка на ситен инвент. списанија и канц. материјал ...........100.000 ден.
- ✓ За субвенционирање на заеднички проекти средства од...........................900.000 ден.
- ✓ За изготвување на свои проекти средства во висина од ..........................1.700.000 ден.
- ✓ Сресва за ангажирање на надворешни експерти во наведената област од ..........................................................................................................................200.000 ден.
- ✓ Средства за подршка и наградување на талентирани ученици.......................100.000 ден.
- ✓ Средства за ЗЕЛС и Центарот за развој на Југоисточниот регион ..................300.000 ден.
- ✓ Подршка на Младински совет ............................................................................300.000 ден.

Вкупно: .......................................................................................3.650.000 ден.

член 3

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.08-3755/2
17.11.2015г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Душко Атанасов с.р